СДСМ

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0202-51/5
12.02.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 став 8, член 29 став 1 алинеја 34, член 68а став 2 и став 3 од Статутот на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија, Централниот одбор на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија на третата седница, одржана на **12.02.2025 година**, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за начинот и постапката за активна регистрација на членови на СДСМ за избор на претседател на СДСМ за период 2025-2029

* * *

Начинот и постапката, за активна регистрација на членови на СДСМ, врз основа на член 9 став 8, член 36 став 1 алинеја 3 и член 68ж став 2 од Статутот на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија, Централниот одбор на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија задолжително ги регулира со посебен Правилник.

* * *

**Член 1**

Со донесување на овој правилник, во рок од 2 дена, се задолжуваат Извршните одбори на општинските организации на СДСМ да одржат седница во проширен состав со претседатели на месни одбори, (во согласност со член 46 од Статутот на СДСМ),на која членовите на Извршниот одбор на општинските организации на СДСМ, ќе се запознаат со донесениот Правилник.

На огласните места на општинските организации на СДСМ, се објавува овој Правилник.

Рокот за спроведување на целосната активна регистрација е 20 дена почнувајќи од 17 февруари 2025 година.

**Член 2**

Согласно овој Правилник, активната регистрација ќе се врши врз основа на податоците од постојната ажурирана база на податоци за членови на СДСМ заклучно со 16.02.2025 година. Се задолжува Централната изборна комисија да подготви пријава за активна регистрација на член за вонредните избори за Претседател на СДСМ.

<u>Начин и постапка за активна регистрација на членови на СДСМ</u>

**Член 3**

Се задолжува Извршниот одбор на општинската организација на СДСМ да формира општинска комисија за ажурирање на членови на СДСМ и активна регистрација која е потребно да брои најмалку 5 членови за активна регистрација на членовите на СДСМ од содветната ОО на СДСМ.

Се задолжува Извршниот одбор на општинската организација на СДСМ да формира тимови од најмалку 3 членови за ажурирање на членови на СДСМ и активна регистрација на ниво на Месни одбори.Во овие тимови треба да бидат вклучени претседател на Месен одбор, член на Извршен одбор на ОО, делегати на Конгрес на СДСМ, член на Надзорен одбор на ОО, член на Извршен одбор - локален клуб на СДММ и член на Извршен одбор на Форумот на жени на ОО.

Тимовите за активна регистрација се задолжуваат да ги контактираат сите членови на СДСМ на основа на месен одбор и извршат поединечно пополнување на предвидениот Образец за активна регистрација. Вака поединечно пополнетиот Образец за активна регистрација со

целосно внесени податоци (своерачно потпишан од членот за кој се врши активна регистрација)се внесуваат во електронска форма во единствена база на податоци за членство, од страна на секретарот на ОО на СДСМ.

Онлајн пријавување за активна регистрација на членови на СДСМ

**Член 4**

Активна регистрација на членови може да се реализира и преку самостојно онлајн пријавување, на официјалната страница на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија www.sdsm.org.mk.

**Член 5**

По истекот на рокот за активна регистрација, а согласно член 3 и 4 од овој правилник, Секретарот на ОО на СДСМ изготвува записник за вкупниот број на активно регистрирани членови на ниво на ОО на СДСМ. Вака составениот и потпишан записник, Секретарот на ОО на СДСМ веднаш го доставува до ЦИК, скениран во ПДФ формат во електронска форма, а оргиналните пријави за активна регистрација на членовите и записникот ги доставува во рок од 3 дена до ЦИК.

Можност за поднесување на приговор/жалба

**Член 6**

Секое лице кое смета дека му е ускратено правото на активна регистрација како член на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, може да поднесе приговор.

Доколку лицето не е активно регистрирано, покрај целосното пополнување и поднесување на Образец за активна регистрација до соодветната ОО, своето право на активна регистрација можат да го оствари преку доставување на приговор до Централната изборна комисија.

Централната изборна комисија носи Одлука 1 (еден) ден по приемот на приговорот дали приговорот е усвоен и лицето има право на активна регистрација или истиот е одбиен. Вака донесената Одлука во писмена форма се доставува до лицето, како и до претседателот на ОО од која потекнува лицето.

Доколку донесената Одлука од страна на ЦИК е позитивна, истата се доставува до ОО на СДСМ и со тоа членот на СДСМ има право активно да се регистрира во базата на податоци.

**Член 7**

Сумарните резултати од активната регистрација согласно член 3, 4, 5 и 6 од овој Правилник, секторот ИТ од СДСМ да ги достави до Централна изборна комисија во утврдените рокови согласно роковникот на Централна изборна комисија.

**Член 8**

Се задолжува Централна изборна комисија да донесе Одлука за вкупниот број на активно регистрирани членови на СДСМ кои ќе бидат впишани во Изводот од избирачкиот список за избор на претседател на СДСМ, по завршување на активната регистрација и врз основа на извештајот наведен во член 7, согласно овој Правилник.

Роковник за спроведување на постапката

СДСМ

**Член 9**

Централниот одбор на СДСМ ја овластува Централната изборна комисија за прецизирање на роковите во фазите за активна регистрација од предметниот Роковник.

Правилникот и Роковникот се доставуваат до сите ОО на СДСМ како и сите органи на СДСМ.

**Социјалдемократски сојуз**
**на Македонија**
**Претседател**

**Венко Филипче**

Социјалдемократски сојуз на Македонија * СКОПЈЕ *

sdsm.org.mk• e-mail: